ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 055
Централа.: 02 3289-000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**СООПШТЕНИЕ**

**Работна посета на премиерот Никола Груевски во Фондот за здравствено осигурување**

Во просториte на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се одржа работна средба со претставниците на Владата на Република Македонија на чело со Претседателот на Владата м-р Никола Груевски. На оваа средба беа презентирани реализираните проекти и тековните активности на ФЗОМ.




Исто така се соопшти започнувањето на три значајни новини кои стартуваат со својата примена од септември 2012 година:

1. Централизација на софтверот за работа во подрачните служби со што се овозможува пријава/одјава на осигуреници и издавање на сини картони во било која подрачна служба на ФЗОМ (на пример моментално се наоѓате на летување во Охрид и ако Ви се потребни потврди за платен придонес (сини картони), истите може да ги обезбедите од Подрачната служба - Охрид).
2. Започнува електронското плаќање (трезор) при што се овозможува на сите јавни здравствени установи преку интернет електронски да ги извршат налозите. Оваа новина е прва од ваков тип за сите јавни и државни институции која досега била присутна само во банкарскиот сектор.
3. Стартува издавањето на електронската здравствена картичка, а до сега се изработени 190.000 вкупно за државните и јавни институции. Наскоро осигурениците кои поседуваат електронска здравствена картичка нема да имаат потреба од потврди за платен придонес (сини картони) бидејќи на истата може да се утврди плаќањето на здравствените придонеси на осигуреникот.